ОПШТИНА
БЕРОВО

INTERCERT CERTIFIED ISO 9001

INTERCERT

ул. „Димитар Влахов" бр.10
2330 Берово
т/ф 033/471-057
www.berovo.gov.mk
email: so.berovo@t.mk

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА БЕРОВО**
**Архивски број 04 – 2806/1**
**25.06.2026 година**

Врз основа на член 20-г став 1 и член 21 а во врска со член 22 став 1 алинеја 2, став 3 и став 8 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016,35/2018, 198/2018 и Службен весник на РСМ бр. 143/2019, 14/2020 и 208/2024), член 22, член 23, член 24, член 25, член 26 и член 27 од Законот за работните односи (Службен весник на РМ бр. 62/2005..........120/2018 и Службен весник на РСМ бр. 110/2019,267/2020, 151/2021, 288/2021, 111/2023, 39/2025, 74/2025 и 124/2025), согласно член 11 од Законот за пожарникарство (Службен Весник на РМ бр. 67/2004, 81/2007, 55/2013, 158/2014, 193/2015, 39/2016, 68/2017 и Службен Весник на РСМ бр.152/2019), Правилникот за систематизација на работни места во Општина Берово бр. 01 - 1017/1 од 29.12.2015 година, 01-1117/2 од 13.04.2016 година, 01-1566/2 од 15.06.2016 година, број 01-2593/4 од 19.12.2016 година, 01-617/1 од 22.03.2017 година, 01-389/1 од 30.01.2018 година, 01 – 1868/1 од 01.06.2018 година, 01 – 2757/1 од 27.08.2018 година, 01 – 2157/1 од 21.06.2019 година, 01 – 2772/1 од 06.08.2019 година, 01 – 3421/1 од 25.09.2019 година, 01 – 2003/1 од 23.06.2020 година, 01 – 137/1 од 13.01.2021 година, 01 – 1869/1 од 20.05.2021 година, 01 – 574/1 од 09.02.2022 година, 01 – 3925/1 од 17.10.2023 година, 01 – 4543/1 од 19..12.2025 година и 01 – 1336/1 од 27.03.2026 година согласно Писмена согласност од Градоначалник број 04-2804/1 од 25.06.2026 година и Известување за обезбедени финансиски средства од Градоначалник број 04-2805/1 од 25.06.2026 година, Градоначалникот на Општина Берово објавува

# ЈАВЕН ОГЛАС 02/2026

за вработување на определено работно време во
Територијалната противпожарна единица во Општина Берово-
2 извршители

Општина Берово објавува јавен оглас за вработување на 2(две) лица на определено работно време на следните работни позиции:

1. **Пожарникар спасител-возач во Територијалната противпожарна единица во Општина Берово, шифра ПОЖ0210В03000 – 1 извршител,** кој ќе ги врши работните задачи од работно место на определено работно време заради привремено зголемен обем на работа, додека трае потребата на институцијата а најдолго 5(пет) месеци,со нето плата 40.261,оо денари.

2. **Пожарникар спасител во Територијалната противпожарна единица во Општина Берово, шифра ПОЖ0210В04000 – 1 извршител,** кој ќе ги врши работните задачи од работно место на определено работно време заради привремено зголемен обем на работа, додека трае потребата на институцијата а најдолго 5(пет) месеци,со нето плата 40.261,оо денари.

**Општите услови кои треба да ги исполнуваат кандидатите согласно Законот за работни односи се:**

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност

ОПШТИНА
БЕРОВО

INTERCERT CERTIFIED ISO 9001

INTERCERT

ул. „Димитар Влахов" бр.10
2330 Берово
т/ф 033/471-057
www.berovo.gov.mk
email: so.berovo@t.mk

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА БЕРОВО**
**Архивски број 04 – 2806/1**
**25.06.2026 година**

Општи работни компетенции на основно ниво за работното место се:
-учење и развој, комуникација, остварување резултати, работење со други/тимска работа и ориентираност кон засегнати страни

**Потребни квалификации кои треба да бидат исполнети, освен општите услови утврдени со Законот за работни односи се:**
**За работно место 1:**
- Ниво на квалификациите IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование,
- најмалку една година работно искуство во струката евидентирано во Агенцијата за вработување на Република Македонија како работен стаж
- возачка дозвола Ц категорија и
- доколку поседува сертификат за стекната квалификација пожарникар.

**За работно место 2:**
- Ниво на квалификациите IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование,
- со или без работно искуство во струката евидентирано во Агенцијата за вработување на Република Македонија како работен стаж
- возачка дозвола Ц категорија и
- доколку поседува сертификат за стекната квалификација пожарникар.

**Забелешка:** Сертификатот за стекната квалификација – пожарникар е неопходен доколку вработувањето е на неопределено работно време и тоа во рок од една година од денот на вработувањето.

**Со пријавата заинтересираните кандидати задолжително треба да ја достават следната документација:**
- своерачно потпишана пријава за работното место за кое се пријавуваат (може да се подигне од Архивата на Општина Берово или да се превземе од веб страната на општина Берово);
- кратка биографија CV не поголема од 5 страни, со задолжително наведен контакт телефон и адреса и мотивационо писмо со не повеќе од 500 зборови;
- уверение за државјанство оригинал или фотокопија заверена на нотар;
- доказ за работно искуство со приложување на историјат за вработувања од Агенција за вработување на Република Северна Македонија;
- диплома или копија заверена на нотар од диплома за завршен степен на образование кое се бара за работно место;
- лекарско уверение за општа здравствена способност како општ услов за заснование на работен однос, потпишано од доктор на медицина специјалист по медицина на труд, издадено од здравствена организација од примарната здравствена заштита која врши дејност медицина на труд;
- потврда/уверение дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност од Основен Суд или Централен Регистар на Република Северна Македонија;
- копија од возачка дозвола – Ц категорија заверена на нотар;
- доколку поседува сертификат за стекната квалификација пожарникар;

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА БЕРОВО**
**Архивски број 04 – 2806/1**
**25.06.2026 година**

**ОПШТИНА БЕРОВО**

INTERCERT CERTIFIED ISO 9001

INTERCERT

l. „Димитар Влахов" бр.10
2330 Берово
т/ф 033/471-057
www.berovo.gov.mk
email: so.berovo@t.mk

Кандидатите кои во својата автобиографија и мотивациско писмо навеле податоци дека имаат завршено повисоко образование од она што се бара во огласот, имаат работно искуство во областа на пожарникарството, членуваат во доброволни противпожарни друштва, имаат завршено обуки од областа на пожарникарството, имаат стекнато сертификати за пожарникар, имаат познавање од странски јазици , има возачка дозвола со положено плус други категории , учествувале на спортски натпревари или имаат наведено други податоци, потребно е за сите нив да достават соодветен доказ - документ во оригинал или заверена фотокопија на нотар.

**Распоред на работно време:**

Почетокот и завршетокот на дневното работно време за наведените работни места е утврдено во смени, односно 12 часа работа, 24 часа одмор, 12 часа работа, 48 часа одмор.

Потребната документација во оригинал или копија заверена на нотар да се достави непосредно до Архива на Општина Берово или по пошта на следнава адреса: Општина Берово, ул. „Димитар Влахов" бр. 10, 2330 Берово, (со назнака „за Јавен оглас број 02/2026 " а на другата страна на ковертот и да се наведе работното место за кое се аплицира).

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето. Рокот за доставување на потребната документација е 3 (три) работни дена од денот на објавувањето, не сметајќи го денот на самото објавување на огласот во дневниот печат.

Пријавите кои ќе бидат поднесени по истекот на рокот нема да бидат предмет на разгледување. Пријавите се доставуваат исклучиво преку архивата на Општина Берово или со препорачана пратка по пошта.

Постапката за избор на кандидатите ќе ја спроведе Комисија формирана од Градоначалникот на Општина Берово.

По завршување на постапката на селекција на уредните кандидати, за извршената административна селекција секој кандидат ќе биде писмено известен, а избраните уредни кандидати ќе бидат дополнително повикани на интервју и тестирање во просториите на Општина Берово.

Општина Берово ќе изврши избор во рокот пропишан согласно Законот за работните односи и Законот за пожарникарството.

Со избересните кандидати ќе биде склучен договор за вработување во писмена форма, по конечноста на одлуката за избор.

**Бр. 04 –2806/1**
**25.06.2026 година**
**Берово**

**Општина Берово**
**Градоначалник**
**Петар Ружински**